**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-7673/2
Датум: 03.10.2022

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), во врска со точка 2. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2021 и 16/22и Решението за формирање Комисија за реализација на програмска активност-„ Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација " бр.11-7673/1 од 30.09.2022 година, Комисијата за реализација за програмска активност објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

### за реализација на „ Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација "

1. Со цел реализација на програмската активност **„ Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација "**, Комисијата за реализација на програмската активност распишува Јавен повик.

2. Целта на програмската активност е реализација на проекти од областа на Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација кои ќе вклучуваат активности поврзани со спречување на дискриминацијата по сите основи. Целта на проектните активности е подигање на свеста за постоење на дискриминацијата во нашето опкружување, откривање и препознавање на жртвите од дискриминација од секој вид. Проектните активности треба да се во насока на едукација, укажување на законски регулативи, промоција на еднаквоста и помош на жртвите од дискриминација.

3. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 100.000.00 денари и истата е предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

4. Право на учество на повикот за за реализација на „ **Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација** “ имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата кои се стручни од областа. Истите треба да достават барање до Општина Карпош со предложена програма и проектни активности. Кон барањето е потребно да достават:

- Програма на настанот
- Проектни активности
- Вкупен финансиски износ на чинење на настапот

5. Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

Начин на пријавување: Заинтересираните можат да ги поднесат потребните документи до архивата на Општина Карпош.

Адреса: Општина Карпош, улица Радика бр.9, бараки број 1 и број 2.

Јавниот повик трае до исцрпување на средствата.

**Комисија за реализација на програмска активност-Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ